ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА
ОСИГУРУВАЊЕ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола

ул. „Јане Сандански" бр.15
7000 Битола, РС Македонија
тел.: +389 076 511 811
Даночен број: МК 400 2023571495
Жиро сметка: 210 077165670 158
НЛБ Банка АД Скопје

# КЛАСА 13 - ОПШТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА ИЗВРШИТЕЛИ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# КЛАСА 13 - ОПШТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА ИЗВРШИТЕЛИ

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ
## ЗНАЧЕЊЕ НА ОДДЕЛНИ ИЗРАЗИ ВО ОВИЕ УСЛОВИ

осигурувач - е правно лице кое според Законот за супервизија на осигурување е регистрирано за обавување на дејности од осигурување во Република Македонија;
договорувач на осигурување - е лице кое со осигурувачот склучува договор за осигурување;
осигуреник - е извршител и чија одговорност е покриена со осигурувањето;
трето лице - е корисник на осигурување кое ќе претрпи штета од извршител;
полиса - е исправа за склученото осигурување;
премија за осигурување - е износ што договорувачот на осигурувањето односно осигуреникот го плаќа согласно договорот за осигурување.

### Посебни одредби Предмет на осигурување

### Член 1

(1) Предмет на осигурување согласно на овие Услови е законската одговорност на извршителите за причинети штети кои ќе ги предизвикаат на трети лица при обавување односно вршење на работи за кои се со закон овластени (извршители), за времетраење на осигурувањето, а согласно на Законот за извршување за обавување на дејноста извршител.
(2) Предмет на осигурување е и законската одговорност на заменикот и помошникот на извршителот, за причинети штети кои ќе ги предизвика при обавување на основната дејност, во време кога со договор или одобрение го заменува отсутниот извршител.
(3) Со ова осигурување, законската одговорност на извршителот, заменикот и помошникот на извршителот, е покриена за штети кои ќе настанат и кои ќе ги пријават за времетраење на осигурувањето, а кои се настанати како последица од непредвидлив, неочекуван и непознат штетен настан во вид на пропуст или грешка од небрежност, а при вршење на дејноста извршител.
(4) Со надомест на штета се опфаќаат сите оштетени трети лица во време на траење на осигурувањето.
(5) Со осигурувањето не се опфаќаат штети кои се причинети со намера, измама и грубо невнимание од страна на извршителот, заменикот и помошникот на извршителот.

### Сума на осигурување

### Член 2

(1) Сума на осигурување претставува горната граница на обврските на осигурувачот по еден

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

осигурен случај и изнесува 50.000 ЕУР (минимална сума на осигурување) во денарска противвредност.

(2) До колку настанат повеќе штети, кои произлегуваат од ист штетен настан и кои временски се поврзани, а ја надминуваат сумата на осигурување, обврската на осигурувачот е до сумата на осигурување.

(3) Најниската сума на осигурување се определува согласно одредбите од Законот за извршување и истата изнесува најмалку 50.000 ЕУР во денарска противвредност.

(4) Осигуреникот може да договори и повисока сума на осигурување од износот во претходниот став (повисока сума на осигурување од минималната сума на осигурување согласно Тарифата на осигурувачот).

**Извор на опасност**

**Член 3**

(1) Извршителот, заменикот и помошникот на извршителот, согласно на Законот, ги обавуваат следните должности кои што претставуваат извор на опасност и од чие незаконско спроведување или неисполнување можат да произлезат штетни настани, а тоа се:

1) прима писмени и усмени барања за извршување;
2) врши достава на судски писма.
3) врши достава на налози, записници, заклучоци и други документи кои произлегуваат од вршењето на неговата работа;
4) врши легитимирање на странките и учесниците во извршувањето;
5) прибира податоци за имотната состојба на должникот во функција на извршувањето;
6) донесува налози и заклучоци, составува записници, барања и службени белешки, согласно одредбите на Законот за извршување;
7) врши попис, процена, пленидба и продажба на подвижни предмети, права и недвижности, прима средства од должникот, предава во владение и распределува средства;
8) врши иселување и други извршни дејствија потребни за спроведување на извршувањето определени со закон и подзаконски акти;
9) врши објавување во средствата за јавно информирање и
10) врши други дејствија предвидени со Закон.

**Осигурен случај**

**Член 4**

(1) За осигурен случај според овие Услови се смета законската одговорност на извршителот, заменикот и помошникот на извршителот за пропусти сторени при законско спроведување на извршни дејствија и неисполнување на должностите што ги има како извршител според Законот за извршување, со што ќе предизвика штета на трети лица за времетраење на осигурувањето.

(2) Се смета дека осигурениот случај настанал оној момент кога се остварил штетен настан врз основа на кој би можело да се истакне оштетно барање од трето лице за чисто имотна

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански“ бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

штета.

(3) Осигурениот случај треба да биде иден, неизвесен и независен од исклучива волја на осигуреникот. Се смета дека осигурениот случај настанал тогаш кога е сторено дејствие, односно настанало пропуштање при обавување на дејност означена во полисата, со кое е предизвикана чиста имотна штета на трето лице.

**Штети исклучени од осигурувањето**

**Член 5**

(1) Од осигурувањето се исклучуваат штети кои се предизвикани:

1) со намера, измама и грубо невнимание на извршителот, заменикот и помошникот на извршителот;

2) од вработените лица кои не се опфатени со осигурување;

3) заради договорно проширување на одговорноста на осигуреникот и на случаи кои по законот не спаѓаат во вршење на законските активности на извршителот;

4) во случај на водење на постапки спротивно на одредбите од Законот за извршување;

5) за грешки кои биле познати во време на склучување на договорот за осигурување или неможеле да останат непознати;

6) за трошоците за надоместување (пополнување) на списи и книги кои се исчезнати во постапка за извршување;

7) Поради грешка во пресметка и примена на Тарифата за награда на извршителите.

8) поради престанок на вршење на функција односно разрешување на извршителот и кој не е запишан во комората;

9) во сите случаи кога не може да се утврди одговорност на извршителот во согласност со Законот за извршување и овие Услови;

10) за смрт или телесна повреда на лица и за оштетување и исчезнување на ствари, вклучувајќи и кражба на ствари на трети лица;

11) за штети на ствари и лица поради загадување на воздух, тло и вода;

12) за штети настанати од сите други ризици кои не се опфатени со овие Услови за осигурување.

**I. Општи одредби Склучување на договор за осигурување**

**Член 6**

(1) Договорот за осигурување се склучува врз основа на усмена или писмена понуда, а склучен е кога договорувачите ќе потпишат полиса за осигурување, односно кога согласно Законот за извршување, извршителот или Комората поднесат барање за осигурување.

(2) Усмената понуда упатена на осигурувачот за склучување на договор за осигурување не ги обврзува ни понудувачот ниту пак осигурувачот.

(3) Ако осигурувачот во врска со примената писмена понуда побара било какво дополнување или измена, како ден на прием на понудата ќе се смета денот кога осигурувачот ја примил бараната дополна или измена, односно кога ќе биде известен за прифаќање на

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

неговите услови.

## Почеток и престанок на осигурувањето

## Член 7

(1) Обврската на осигурувачот започнува по истек на 24-от час од денот кој во договорот за осигурување е означен како почеток на осигурувањето.
(2) Обврската на осигурувачот престанува со истекот на 24-от час од денот кој во договорот за осигурување е наведен како ден на истек на осигурувањето.
(3) Осигурувањето може да престане поради: престанок на вршење на функција, отказ и во други случаеви кога постојат законски пречки.

## Плаќање на премија

## Член 8

(1) Договорувачот на осигурувањето, премијата за осигурување ја плаќа веднаш при склучување на договорот за осигурување, ако поинаку не е договорено.

## Обврска на осигуреникот кога ќе настане осигурениот случај

## Член 9

(1) Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот најдоцна во рок од 3 дена од денот на пријавувањето на оштетното побарување од оштетениот.
(2) Осигуреникот е должен на осигурувачот да му овозможи увид во документацијата со аргументирани факти кои се потребни за утврдување на причината и висината на штетата.
(3) Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот и да достави наод од надлежен орган, кога барањето за надомест на штета против него е истакнато преку суд.
(4) Осигуреникот не е овластен без претходна согласност од осигурувачот да се изјаснува по барањето, а особено да го признае потполно или делумно, да се спогодува или да изврши исплата.
(5) Ако оштетениот поднесе тужба за надомест на штета против осигуреникот, тој е должен да го извести осигурувачот писмено во врска со штетниот настан, како и да се договорат околу водењето на спорот.
(6) Во случај кога оштетениот со барањето за надомест на штета непосредно ќе му се обрати на осигурувачот, осигуреникот е должен да даде писмена изјава за причината за настанување на шетата и е должен да ги презентира сите документи и факти со кои располага, а кои се неопходни за утврдување на одговорноста за причинетата штета и оцена на основаноста на барањето, обемот и висината на штетата.
(7) До колку осигуреникот не се придржува на обврските од овој член, самиот ќе ги сноси штетните последици кои ќе настанат поради тоа, освен ако тие би настанале и да се придржувал кон обврските.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Обврски на осигурувачот по поднесено барање од оштетено лице**

**Член 10**

Во врска со поднесеното барање за надомест на штета од страна на оштетеното лице, осигурувачот има обврска:

- заедно со осигуреникот да преземе одбрана од неосновани и претерани барања за надомест на штета (правна заштита);
- да ја надомести настанатата штета (надомест на штета);
- да ги надомести трошоците по суската постапка (надомест на судските трошоци).

**Правна заштита**

**Член 11**

(1) Обврската на осигурувачот за давање правна заштита опфаќа:

- водење спор во име на осигуреникот ако ошетениот остварува право на надомест на штета во процесната постапка;
- давање во име на осигуреникот изјави кои што смета дека ќе бидат од корист за задоволување или одбрана од неосновано или претерано барање за надомест на штета.

(2) Водењето на спорот може да му се довери на осигуреникот кој е должен да се придржува на упатствата кога се работи за неоправдани барања.

(3) Осигурувачот е овластен да одбие да води спор во име на осигуреникот, ако оцени дека нема место за давање правна заштита и во случај кога висината на надоместот на штетата ја надминува сумата на осигурување.

(4) Во случај осигурувачот на име надомест на штета да ја исплатил сумата на осигурување пред покренување на спорот, престанува и неговата обврска на правна заштита.

**Надомест на штета**

**Член 12**

(1) Осигурувачот го исплатува надоместот на штета во рок од 14 дена сметано од денот кога ја утврдил својата обврска и висината на таа обврска.

(2) До колку при разгледување на барањето се утврди дека осигуреникот не ги доставил сите докази и факти битни за утврдување на основот и висината на штетата, осигурувачот нема да изврши исплата на штета.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Надомест на трошоците по постапката**

**Член 13**

(1) Ако спорот е воден со знаење и согласност на осигурувачот со осигурувањето се покриени и трошоците на спорот, доколку заедно со надоместот на штетата не ја надминуваат сумата на осигурување.
(2) Трошоците за кривичната постапка, како и трошоците за застапување на осигуреникот, осигурувачот не е во обврска да ги надомести.
(3) Кога ќе ја изврши својата обврска со исплата на сумата на осигурување, осигурувачот се ослободува од сите понатамошни давачки во име на надомест на штета и трошоци.

**Непосредно барање од оштетено лице**

**Член 14**

(1) Ако оштетеното лице, своето барање и тужба за надомест на штета ги упати само спрема осигурувачот, осигурувачот е должен да го извести осигуреникот и да го повика да ги презентира сите потребни докази, а осигуреникот е должен да преземе мерки заради заштита на своите интереси.
(2) До колку во случајот од претходниот став осигурувачот одлучи да исплати надомест на оштетениот во потполност или делумно, должен е за тоа да го извести осигуреникот.

**Утврдување и процена на штета**

**Член 15**

(1) Штетата ја утврдуваат и проценуваат заедно осигуреникот и осигурувачот со оштетениот, односно нивни овластени претставници.
(2) Штетата се утврдува и проценува врз основа на уредна документација достапна на увид на овластениот претставник на осигурувачот, а согласно на Законот за облигациони односи и Законот за извршување.

**Вештачење на штета**

**Член 16**

(1) До колку при утврдување и проценување на штетата не се согласат договорните страни и оштетениот, може да побараат штетата да се утврди и процени по пат на вештачење.
(2) Секоја од договорните страни и оштетениот писмено го именува својот вештак. За вештаци може да се именуваат лица кои се во работен однос со осигуреникот и осигурувачот, како и лице овластено од оштетениот (комисиска процена), а кои не учествувале во претходната проценка.
(3) Пред почетокот на вештачењето, именуваните вештаци бираат трет вештак како

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

претседател, а кој е со високо образование и не е во работен однос кај договорните страни. Претседателот дава стручно мислење по спорните прашања на вештаците.
(4) Предмет на вештачење можат да бидат само спорни факти. Кои спорни факти ќе бидат предмет на вештачењето, како и постапката за вештачење, конкретно ги определуваат договорните страни со писмен договор за вештачење.
(5) Секоја договорна страна и оштетениот ги сноси трошоците за својот вештак, а за претседателот ги сносат сите страни рамномерно.

**Висина на надомест на штета**

**Член 17**

(1) Висината на надоместот на штета не може да биде поголема од штетата што оштетениот ја претрпел со настанување на осигурениот случај.
(2) Надоместот на штета и судските трошоци се исплатуваат најмногу до договорената сума на осигурување, со што престанува и обврската на осигурувачот.

**Франшиза**

**Член 18**

(1) Ако осигуреникот договори осигурувањето да се заклучи со франшиза (учество во штета) се намалува и премијата за осигурување во зависност од договорениот износ на франшизата, а согласно Тарифата.

**Право на регрес**

**Член 19**

(1) Осигурувачот задржува право на регрес од осигуреникот, во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за која, на осигурувачот од страна на осигуреникот не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за надомест на штета.

**Застарување на побарувањето**

**Член 20**

(1) Побарувањата за надомест на штета по склучениот договор за осигурување, застаруваат во рок од три години, сметано од денот кога настапил осигурениот случај.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Територијално важење на осигурувањето**

**Член 21**

(1) Со осигурувањето се опфатени осигурени случаи што ќе настанат на територијата на Република Македонија.

**Надлежност на судот во случај на спор и примена на законите**

**Член 22**

(1) За споровите кои ќе произлезат од примената на овие Услови ќе решава стварно надлежниот суд во седиштето на осигурувачот.
(2) За односите помеѓу договорните страни се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Општите и Посебните услови за осигурување.
(3) Општите услови важат во оној дел кој не е во спротивност со Посебните услови за осигурување од одговорност на извршители.

**Важност на Општите услови за осигурување на одговорност**

**Член 23**

(1) На осигурувањата склучени според овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување на одговорност до колку не се во спротивност со овие Услови.

**Правна поука**

**Член 24**

- Доколку осигуреникот или корисникот на осигурување не се задоволни од првостепената одлука, имаат право да поднесат приговор во рок од 8 (осум дена) до Комисијата која одлучува по приговори.
- Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето, можат да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО), како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.
- Во случај на спор помеѓу договорувачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.